Врз основа на член 42 од Законот за сточарство (Сл. Весник на Р. Македонија бр.7/2008 и 116/10), Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува:

# П Р А В И Л Н И К

за начинот на одгледување и прометот на пчелните матици, преместување на пчелите и пчелниот приплоден материјал, како и големината на заштитениот појас околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици.

## I. Општи одредби

### Член 1
### (содржина на правилникот)

Со овој правилник се одредува начинот на одгледување и промет на пчелните матици, преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал, како и големината на заштитениот појас околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици.

## II. Начин на одгледување и промет на пчелни матици

### Член 2
### (Критериуми за одобрени одгледувалишта на пчелни матици)

(1) Производството на пчелни матици, наменети за промет, врши одобрена институција (во натамошниот текст: одобрено одгледувалиште) од членот 73 став 2 алинеја 4 од Законот за сточарство (Сл. Весник на Р. Македонија бр.7/2008 и 116/10), како стручна задача во сточарство.

(2) Одгледувалиштето на пчелни матици, наменети за промет, мора да има вработено најмалку едно лице со високо образование (степен VII/1) од областа на биотехнологијата со стекнато звање:
- дипломиран земјоделски инженер или
- доктор по ветеринарна медицина или
- дипломиран биотехнолог

(3) Одгледувалиштето на пчелни матици, наменети за промет, поседува:
- најмалку 100 пчелни семејства
- опрема за пресадување (изолатор за матици, одгледувачки рамки, матични основи, игли за пресадување, калап за подготовка на восочни матични основи)
- опрема за електронска обработка на податоците.

(4) Одгледувалиштето на пчелни матици, наменети за промет, мора да поседува опрема за инструментално осеменување на неоплодените пчелни матици. Опремата за инструментално осеменување се состои од:
- апарат за инструментално осеменување
- стерео микроскоп со зголемување од 7 до 45 пати
- ладно осветлување и
- боца со јаглерод диоксид ($CO_2$) за имобилизирање на матицата.

(5) Одгледувалиштето на пчелни матици, наменети за промет, мора да поседува објекти соодветни за производство на матици. Објектите треба да бидат опремени со системи за:

- електрична енергија и водоснабдување,
- опрема која ќе овозможи создавање на амбиентални услови од 35 целзиусови степени и влажност на воздухот од 65%.

(6) Околу одгледувалиштата на пчелни матици се одредува заштитен појас.

**Член 3**
**(начин на одгледување на матици)**

(1) Одгледување на пчелните матици се врши во вештачки матичници со пресадување на ларви од родоначалничките матици, стари помеѓу 6 и 12 часа. За формирање на матичници се користат стартери, а за довршување на матичниците се користат финишери, или се користи истото пчелно семејство.

(2) Во време на спарувањето на матиците, истите се одгледуваат во нуклеуси или мини оплодници.

(3) Веднаш после спарувањето на произведените матици и контрола на регуларно пронесување на јајца истите мора да бидат обележани со плочка со број од 1 до 99. Бојата на плочката е карактеристична за нивната година на раѓање:

- доколку бројот на годината завршува на 1 или 6 - бела
- доколку бројот на годината завршува на 2 или 7 - жолта
- доколку бројот на годината завршува на 3 или 8 - црвена
- доколку бројот на годината завршува на 4 или 9 - зелена
- доколку бројот на годината завршува на 5 или 0 - сина

**Член 4**
**(промет на пчелни матици)**

(1) Матиците во промет, обележани според став 3 од Член 3 од овој правилник, се ставаат во транспортни кафези.

(2) Транспортниот кафез треба да биде бележан со идентична ознака, како на матицата од став 1 на овој член.

(3) Матиците во промет, заедно со транспортниот кафез од став 2 на овој член, мора да бидат придружувани со:

- Уверение за здраствена состојба на матиците издадено од овластено ветеринарно друштво согласно прописите од ветеринарното здраство.
- педигре издадена од одобреното одгледувалиштата на пчелни матици од каде што се набавува матицата и
- упатство за воведување и користење на матиците во пчелните семејства

## III. Преместување на пчелите и пчелниот приплоден материјал

**Член 5**

(1) Преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал може да се врши со сите превозни средства.

(2) При преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал, пчелните живеалишта треба да бидат обезбедени за да не можат при транспортот пчелите да излегуваат од живеалиштата, при што влезовите на пчелните живеалишта мораат да бидат затворени, а притоа да биде обезбедена неопходна вентилација.

(3) Преместувањето на пчелите и приплоден материјал се изведува во текот на ноќта.

(4) Лицето кое го врши преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал мора да биде придружуван од пчелар кој располага со најмалку 2 пчеларски заштитни одела и капи и 2 чадалки.

## IV. Големина на заштитениот појас околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици

### Член 6

(1) Заштитниот појас околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици (во понатамошниот текст: заштитен појас) претставува земјишна површина во идеална кружна форма во чиј центар се наоѓа одобреното одгледувалиште на пчелни матици и на чија површина не се дозволува одгледување на пчелни семејства со генетско потекло различно од потеклото на приплодниот материјал на одобреното одгледувалиште.

(2) Отстапка од став 1 од овој член претставува можноста за одгледување на пчелни семејства, во границите на заштитниот појас, со пчелни матици не постари од две години, кои потекнуваат само од приплодниот материјал на одобреното одгледувалиште на пчелни матици во заштитниот појас.

(3) Заштитниот појас се одредува за секое одобреното одгледувалиште на пчелни матици посебно.

### Член 7
### (големина на заштитениот појас)

(1) Околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици се одредува заштитен појас во радиус од 3000 метри.

## V. Завршна одредба

### Член 9
### (завршна одредба)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. _________________

_______________ година

Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство

Љупчо Димовски

.